# ЗАПИСНИК ОД СОСТАНОК НА УО НА КОАЛИЦИЈА СЕГА
## одржан на 29.11.2009 година

==========================================================

Состанокот започна во 12.00 часот и на него присуствуваа членовите на УО Димче Каневче, Александар Јованоски, Кире Андонов и Љупчо Велковски, Извршниот Директор Зоран Илиевски и Администраторот Томислав Гајтаноски.

- На почеток на состанокот записникот од претходниот состанок беше едногласно усвоен при што се премина на втората точка од дневниот ред, усвојување на Стратешкиот план на Коалицијата. Зоран Илиески изрази благодарност до сите кои учествуваа во подготовката на Стратешкиот план и даде објаснување за содржината на планот, за измените кои настанаа во мисијата и во стратешките цели и под-цели. Потенцирани беа новите работи во стратешкиот план, за кој се заклучи дека е многу подобар од претходниот, поквалитетен и подетален. Беше образложен буџетот, новата програмска структура и скалата на плати, како и новините за финансиското работење во однос на индивидуалното и корпоративното финансирање. Во овој дел од дискусијата беше потенциран проектот со кој СЕГА аплицираше на објавениот повик од страна на ЦИРа, а се однесува на административна поддршка на коалицијата.
Љупчо Велковски истакна дека планот е поконкретен, изводлив и нуди решенија преку партнерства.
Димче Каневче праша за промените на стратешките цели во однос на првопоставените во Славија Спектар, со консултации на Елизабета Марковска Спасеновска и модифицираните на втората работилница водена од Зоран Стојковски кој беше ангажиран за консултант за подготовка на ФР стратегијата. Димче Каневче истакна дека не му се допаѓа до тоа што дошло до промена на стратешките цели, затоа што тие може да ги менува и трето лице доколку се консултира.
Зоран Илиески потенцираше дека стратешките цели се променети но дека такви ги прифати групата, и смета дека сега целите се многу поконкретно дефинирани но дека суштината е иста. Посебно е дефинирана втората стратешка цел, а интервенција е направена и во третата цел каде е додадена мултикултурната компонента.
Стратешкиот план е изгласан со 4 гласа ЗА.

- Во однос на **третата** точка „Членство во меѓународни мрежи АЛДА“ Зоран Илиески образложи дека „АЛДА“ е мрежа во која членуваат Локални самоуправи и НВОи и дека истата е сериозна организација со седиште во Советот на Европа. Придобивките од членство во АЛДА, би биле вклучување во реализација на проекти, затоа што „АЛДА“ ги реализира проектите преку партнерите. АЛДА во Република Македонија има партнер, организацијата „Студиорум” но партнерството со Коалиција СЕГА би било нешто друго, имајќи ги во предвид капацитетите и работата на СЕГА. Димче Каневче потенцираше дека за оваа проблематика веќе има разговарано со Илиески и дека начелно е за зачленување на коалицијата во „АЛДА“ иако не гледа голем бенефит во

тоа. Земајќи во предвид дека членарината не е голема, ќе го поддржи овој предлог. Љупчо Велковски нема информации за „АЛДА“ но е ЗА членство на „СЕГА“ во „АЛДА“ како меѓународна мрежа од која може да има бенефит. Александар Јованоски истакна дека добро ќе биде доколку „СЕГА“ искористи барем две можности кои би произлегле од членството. Со 4 гласа ЗА беше донесена Одлука за зачленување во меѓународната мрежа „АЛДА“.

- **Четвртата точка** - донесување на одлука за попис на опрема на коалиција „СЕГА“ Зоран Илиевски истакна дека не е направен попис од кога е набавена опремата и затоа смета дека истиот треба да се направи и за таа цел да се обезбедат средства за три лица кои ќе одат да го извршат пописот. Треба да се види што се случува со опремата по регионалните канцеларии, а посебно во двете канцеларии во Скопје. Договорено е да се формира тим од три лица, да се изврши пописот во месец декември и да се обезбедат средства за гориво и храна.

- Во однос на **петтата точка**, разгледани се апликациите за членство пристигнати во коалицијата и истите се прифатени едногласно со 4 гласа ЗА. Нови членки на коалицијата „СЕГА“ се: „Акција за млади“ од Делчево, „Голем Град“ од Ресен и „Граѓански Центар за Превенција и Ресоцијализација“ од Неготино.

- Под **точка разно** се дискутираше по две прашања:
  - работата на регионалните канцеларии на ,,СЕГА,,
  - активноста на членот на УО од УМКА

Во однос на работата на регионалните канцеларии беа споменати двете канцеларии во Скопје од страна на сите присутни на состанокот, а Димче Каневче акцент даде и на канцеларијата во Штип, која според сознанијата од разговорите исто така не е функционална, а се спомена и канцеларијата во Тетово во која има одредени измени во работењето. За тетовската канцеларија беше даден одговор од администраторот дека функционира, а додека за Штип беше одлучено да се направи проверка на работата на регионалниот асистент и на канцеларијата воопшто па да се пренесат сознанијата по што ќе се дискутира. За канцелариите во Скопје, Зоран Илиески истакна дека едната канцеларија е комплетно нефункционална и дека канцеларијата е затворена, поради тоа што организацијата која ја раководи нема средства за да плаќа наемнина за истата и дека не се знае што е со опремата. За втората канцеларија беше отворена поголема дискусија поради тоа што истата ги има завршено обврските кои се дадени да се реализираат, но според претставникот на УО од Скопје истата не ги дава услугите како регионална канцеларија, а чувството на припадност на персоналот таму е на незадоволителетелно ниво. Во дискусијата беше дискутабилно кои се аргументите околу тоа дали таа канцеларија работи или не, но се воспостави дека аргументите кои укажуваат на фактот дека канцеларијата не е функционална, се заеднички аргументи за сите канцеларии, и дека во моментот не може да се донесе одлука канцеларијата да биде затворена, односно одземена на организацијата

која ја раководи. Додека за првата регионална канцеларија едногласно се одлучи истата да биде одземена од организацијата УМКА и да се види што ќе се прави во иднина, на кој начин да биде доделена и на која организација. За таа цел се задолжи директорот Зоран Илиески да разговара со организациите во Скопје и да се види какви се условите за доделување на регионална канцеларија во Скопје.

Во однос на вториот дел од точката разно, Зоран Илиески кој претходно беше задолжен да ја исконтактира организацијата која има номинирано свој претставник во УО - УМКА, одговори дека и покрај напорите да го реши проблемот истиот очигледно не е речен и дека остава на УО да одлучи што понатака. Димче Каневче одговори дека иако редовно ги праќал поканите до одредено лице кое е наведено како член на УО - Иван Штерјовски, ниту на еден состанок нема присуствувано, а во една прилика добиено е известување дека не е член на УО, по што е прекинато да се поканува на состаноците. Димче Каневче и Љупчо Велковски предложија да се даде препорака на Собранието на „СЕГА“ да ја промени организацијата УМКА со организација која може да номинира член на УО и ќе биде поодговорна во однос на своите обврски. Предлогот беше усвоен со 4 гласа ЗА.

Коалиција на младински организации СЕГА

Претседател на УО
с.р. Димче Каневче